**Г р а д   С к о п ј е**

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за општи работи |
| **Претставник:** | Секретар на Град Скопје |
| **Повереник:** | Раководител на Сектор за општи работи |

# Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје во Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје – Скопје

Скопје, март 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), Советот на Град Скопје, на ___________ седница, одржана на ______ март 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје во Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје – Скопје**

Член 1

Во Одлуката за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје во Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје – Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.10/22), во член 1 зборовите „во понатамошниот текст ЈСП Скопје - Скопје“, се ставаат во заграда.

Во член 2 зборовите “предвидени во”, се заменуваат со зборовите “обезбедуваат од”, а зборовите “за 2022 година, ставка ЕО 424110”, на крајот на реченицата, се бришат.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _____________
___.___ 2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, да донесува одлуки и да се грижи за ресурсите и капацитети сопственост на Град Скопје.

Потребата за квалитетно одржување и сервис на возниот парк на Град Скопје за тој да биде во солидна функционална кондиција на сите возила, сопственост на Град Скопје, вклучувајќи ги и специјалните возила на БППЗ, потребно е да се врши ажурно и активно 24/7 во соодветни простории и капацитети, со кои располага ЈСП „Скопје“ - Скопје. Одлуката се носи со цел да се редуцираат финансиските трошоците на Град Скопје, во насока за поефикасно, поекономично и пофункционално искористување на сите капацитети и ресурси во надлежност на Град Скопје.

Предложената измена во член 1 став 1 на Предлог - Одлуката, се однесува на номотехничка интервенција во текстот на одлуката која се менува, додека со член 1 став 2 на истата, се менува дел од текстот во член 2 на одлуката која се менува, поради потребата да не се ограничува периодот на нејзиното важење.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.